СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 април 1996 година

Скопје, април 1996 година

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ТРЕТА (43) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 11.04.1996 Г.**

1. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 20
2. ЈАНКИЛОВСКИ ЖИВКО 14, 15
3. КАРОВ ИЛИЈА 11, 22, 25, 26
4. КОЦЕВСКИ АЦЕ 3
5. ПАУНОВ ТОДОСИЈА 18
6. ТРИПУНОВСКИ МИРКО 5, 7

ДНЕВЕН РЕД: СТР.4
Т.1-СТР.5;
Т.2-СТР.11;

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од 43-та с седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11.04.1996 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 16.15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и г-да пратеници, ја отворам 43-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Андов, Николина Трајановска, Јован Србиновски, Атанас Вангелов, Рубинчо Белчевски, Алил Џаферовски и Драган Митевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да приставуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваа мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата са поканети и Претседателот на Републиката Г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на РМ и претседателот на Републичкиот судски совет.

Записниците од 40-та и 41-та седница на Собранието на РМ Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (нема)

Констатирам дека записниците од 40-та и 41-та седница Собранието на РМ се усвоени без забелешки.

I/2.- JJ/ЉР

Владата на РМ предлага на оваа седница да бидат разгледани Предлогот за донесување закон за престанок на важењето на Законот за дејноста на Медицинскиот факултет за "укажвуање на здравствена заштита, со Предлог на закон и Предлогот на одлуката за оснвоање на Универзитетскиот -клинички центар Скопје.

Предлозите на актите ви се доставени. Предлозите на актите се разгледани од надлежните работни тела на Собранието.

Кој е за Предлогот на Владата, молам да крене рака?

61 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува? (не)

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Од името на група пратеници на пратеничката група на Либералната партија, Координаторот на пратеничката група на ЛП, пратеникот Аце Коцевски, повторно достави барање во дневниот ред на денешната седница да се стави односно да се дополни со информација за загрозеноста на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните на РМ, што не беше усвоена на минатата седница,. Владата достави информација за кривичните дела со елементи: на насилство со кои се загрозува животот на граѓаните во периодот од 1990 до март 1996 година, со Предлог во неа да не расправа Собранието туку надлежното работно тело на Собранието и со неа да се запознаат пратениците и јавноста.

Го молам пратеникот Аце Коцевски да појасни дали се бара на дневен ред да се стави Информацијата поднесена од Владата или бара Владата да подготви нова Информација.

I/3.-

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, пратеничката група на Либералната партија смета дека се работи за многу важно прашање за кое треба да се изјасниме, односно инсистираме да влезе во дневниот ред на денешната седница. Се јавувам за да се разјаснат некои дилеми, имено од ставот на Владата по доставувањето на нејзината Информација за кривичните дела со елементи на насилство со кои се загрозува животот на граѓаните во периодот од 1990 до март 1996 година нејасни се малку две работи.

Прво, не е јасно дали Владата ја изготви оваа Информација мотивирана од барањето на група пратеници од Либералната партија, бидејќи од насловот на оваа информација не може да се стек не таков впечаток, или Владата да изготви самоиницијативно таква информација, затоа што сметала дека требала да им биде достапна на пратениците.

И второто недоразбирање или нејаснотија се однесувања нелогичниот предлог на Владата, оваа информација да биде достапни. пратениците и на јавноста, по неа да може да се води расправа работните тела на Собранието, а да не се води расправа на неарна седница на Собранието.

Едноставно мене не ми е јасен тој став на Владата, каква би била функцијата Информацијата да биде достапна на јавноста, да се води расправа во собраниските тела кои што сепак се помошни работни тела на Собранието и заседаваат во функција на подготвување на точките што доаѓаат на дневен ред на Собранието. Ние сметаме дека не се работи за некоја материја која е од таква доверлива природа, поради што не би требало да се води расправа на Собранието и доколку Владата се изјасни дека оваа информација е изготвена како резултат на

нашето барање би се согласиле таа да биде предмет на расправа и да биде прифатена и да влезе на дневниот ред на денешната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставникот на Владата да се произнесе по ова прашање. (Нема претставник на Владата).

Кој е за предлогот на координаторот на пратеничката група на Либералната партија, молам да крене рака?

21 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (20 пратеници се против).

Дали има воздржани? (27 пратеници се воздржани).

Констатирам дека предлогот не е усвоен. Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за таксата за привремен престој
2. Предлог на закон за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште;
3. Предлог на закон за ловство;
4. Предлог за донесување на закон за ратификација на завршните документи на XXI-от Конгрес на Светскиот поштенски сојуз, со Предлог на закон;
5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административни такси, со Предлог на закон;
6. Предлог за донесување на закон за престанок на важењето на Законот за дејноста на Медицинскиот факултет за укажување на здравствена заштита, со Предлог на закон;

7. Предлог на одлука за основање на универзитетски клинички центар - Скопје;

8. Нацрт на закон "за царинска тарифа;

9. Избор на судии на апелационите судови во Битола и Штип;

10. Предлог на одлука за огласување избор на претседатели на апелационите судови во Скопје, Битола и Штип.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (2 пратеници се против).

Дали има воздржани? (3 пратеника се воздржани од гласање).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на **точката 1** - Предлог на закон за таксата за привремен престој.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Молам, претставникот на Владата да се изјасни. (Претставникот не е присутен).

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и министри. Во претходните расправи кажав дека во компарација со другото стопанство, туризмот е во поповолна стартна позиција, бидејќи производот што го

има не треба да го менува туку само да го унапредува и усовршува. Ако е така, а е така, со денешниов предлог е направен чекор напред во неколку точки.

Таксата за престој е извлечена од комуналната такса и нејзината намена сметам дека ќе го најде своето вистинско место во развој на туризмот, општата туристичка пропаганда и информативната дејност, како и подобрување на условите за престој на туристите.

Второ, надмината е ценовната разлика помеѓу домашните и странските гости во однос на таксата за престој, а со тоа се почитуваат неколку меѓународни конвенции кои што ги регулираат односите во туристичкото стопанство како универзална применетост во тој дел. Добро е што цената за разлика од предлогот е изразена во денари и нема друг начин на плаќање. Тоа беа карактеристиките кои даваат можност да бидат забележани во Предлогот на закон како позитивни. Меѓутоа, се поставува сериозно прашање зошто пакетот на туристички закони не е целосно донесен, бидејќи оживотворувањето на новата концепција на развојот на туризмот во Република Македонија, на професионален начин, со цел за унапредување на рецептивните вредности во сите туристички подрачја зависи од многу фактори, кои што би му пердашеле на овој Предлог-закон за такса за привремен престој.

Како прво, не постои правилник за прогалсување и разграничување на туристички места по класи, што во понудениот предлог различни вредности за престој исто се валоризираат во мноштвото на природно изведени фактори. Значи иста вредност за различи- ти вредности во областа на туризмот.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ**: (продолжение)

Второ, поделбата на таксата за туристички престој на 50% во Буџетот на локалната самоуправа, а со тоа конечно се става крајот на дел на финансирање на единствената туристичка асоцијација Туристичкиот сојуз, со неговите туристички друштва по општините како организирана целина, а со зголемена и јасно акумулираната вредност на активности на Министерството што не е својствено во развиените општини, поготово во областа на туризмот и угостителството.

Трето, таксата за престој очигледно е статична и единствено има фискален карактер, бидејќи нема определба за утврдуваше различни цени по периоди, окарактеризирани како главна сезона, пред- сезона и посезона, па сигурно барем во местата кои што ги нарекуваме туристички. Но затоа пак во членот 4 прави отстапки за граѓаните кои не плаќаат такса за престој дозволувајќи му престојана легитимација, на луѓето, т.е. на граѓаните за сопствените недостатоци и лично здравје како дестимулативен туристички потстрек за развојот на туризмот.

Четврто, процентуалното пресметуван»е на висината на туристичката такса е изоставена а би имало сигурно посериозен пристап и поголем број на средства обезбедени во овој дел од единствена причина што веќе се има евиденција и се што ќе се евидентира по министерствата што постојат во нашава држава.

Прво ги изнесов позитивните карактеристики на Законот, а второ ги изнесов негативните карактеристики на овој предлог-закон. Со една единствена цел да предложам овој закон денес да не се донесе од следните причини:

Како општество, како држава се стремиме кон приклучок на европските асоцијации, а со тоа претпоставувам дека брзо ќе биде

времето кога ќе се приклучиме кон значајните европски туристички групации, кои во своите законодавства не познаваат трошок таксативно наброен кој што настанува во одредено туристичко место, па и не постои потреба од набројуваше на таксата за престој, единствено која се набројува од сметката за ноќевање, а сите други такси ги нема на таа сметка, бидејќи само така може да се наплати, а со тоа ќе се надминат сите разлики кои стојат при склучување на договорите за туристичко - угостителските услуги кај нашите туроператори и странските агенции. Имаме сериозни проблеми за потпишување на договорите со додатните обврски кои настануваат.

Второ, ќе се надминат сомнежите кај потенцијалните гости за нивната легитимација како вид на туристички престој остваруваат значи поединци не ќе имаат прилика да го проверуваат со какво здравје е нивниот гостин и на крајот да не бидам погрешно разбран дека мојот предлог да не се донесе овој закон со тоа би се стопирала активноста во општата туристичка пропаганда и информативната дејност и би настанал одреден вакум, не би бил сериозен мојот пристап овдека без одлуката на ова Собрание ако минатата година што ја донесовме да единствениот угостителски производ ноќевањето кое не беше оданочено од минатата година, т.е. од 1 јануари 199 6 година се оданочува со 10% данок на промет. Ако е така сметам дека сериозно место и простор треба да се побара во овој закон од овие проценти кои државата ги акумулира од својот буџет соодветна вредност меѓу 3 и 7% од тоа ќе намени за општата туристичка пропаганда, а се намени за информативната дејност за унапредување на вредностите за време на престој на туристите во одредено туристичко место. Само тие беа причините за кои сакав да појаснам каков е нашиот приклучок кон европските асоцијации кон кои ние целиме сериозно да пристапиме во нивните групации.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 2 став 1,член 3, член 4, став 1 алинеја 1, член 5 и на член 13, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Димитрија Вревезовски поднесе амандмани на член 9 став 2, и на член 10 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Благоја Силјановски поднесе амандман на член 9 за бришење на став 2 и на став 4 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за бришење на став 2 и став 4 поднесен од пратеникот Благоја Силјановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЈ1ЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (б)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 за бришење на став 2 и 4 поднесен од пратеникот Благоја Силјановски

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

II/4.-

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласа&е.

Кој е за, молам да крене рака? (42)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (9)

Пред да констатирам молам да добиеме информација за бројот на пратениците во салата.

62 пратеника се присутни во салата.

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека Собранието с го усвои амандманот на член 9 став 2 поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

Отворам претрес по амандманот на Член 10 поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифати овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (38)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

II/5.-

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58)

Дали е некој против? (тројца)

Кој се воздржува од гласање? (двајца)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за таксата за привремен престој.

Минуваме на **точката 2** - Предлог на закон за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Каров

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри. Ја прифаќам потребата од донесување на закон за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште, од причини што крајно време е во оваа област аграрот јасно да се дефинира и утврди титуларот на сопственоста, понатаму да се утврдат овластувањата, обврските и одговорноста на тој титулар.

До пред десетина години во Република Македонија постоеја голем број земјоделски задруги на село и морам да истакнам дека тие задруги имаа високи кооперантски односи со приватните земјоделци и со големо задоволство на двете страни. Покрај тоа успешно се развиваа и самите

села каде што ги покриваше задругата. Се градеа продавници, културни домови, патишта, водовод, канализација и друга инфраструктура. Подоцна што се случи управниците кои што успешно и долго раководеа со задругите си заминаа во пензија, дојдоа млади кадри, таканаречени директори, заборавија на обврските спрема основното обележје на задругата и сосема ги прекинат кооперантските односи со селаните земјоделци. Морам да кажам дека голем дел од овие земјоделски задруги се претворија во трговски претпријатија, се занимаваат со увоз на се и сешто, трговија на мало и големо и друго. А што им остана исто и непроменето на задругите. Почитувани пратеници задругите не ја променија само шифрата на дејност, ако и нејзе ја променија, тогаш и давачките спрема државата ќе мораше да ги зголемат, затоа таквите задруги треба побрзо да се трансформираа.

Јас почитувани пратеници и во иднина ќе се залагам за формирање земјоделски задруги на село, но на современи основи и принципи што ги,.прифаќа Европа. Задруги што ќе се занимаваат исклучиво со земјоделска дејност и кои што ќе ги развиваат кооперативните односи со своите соселани земјоделци. Убеден сум дека на таквите задруги и задругари без никаква дилема западните европски земји и банки преку ресорното министерство ќе вложуваат свој капитал и кредити за развој на задругарството. Ваквата политика на трансформација и развој на задругарството ќе придонесе кон зголемување на кредибилитетот и поддршките кон реформите во аграрот. Зошто би требало денес да се донесе овој закон. Една од причините што голем број на задруги и комбинати се во стечај, не зеле личен доход повеќе месеци, не може да ги плаќаат обврските , односно придонесите спрема државата Задругите и комбинатите едноставно пропаѓаат и не се во можност навреме и квалитетно да ја обработат и посеат својата земја.

II/7.-

Друга причина е што после трансформацијата при јасно утврден титулар на сопственост може да очекуваме и странски вложуван»а во аграрот.

Почитувани пратеници, морам да истакнам дека овој закон е недоволно јасен за многу субјекти што ќе бидат предмет на трансформација. Јас ќе истакнам само некои примери. Со овој закон се предвидува субјектите што се предмет на трансформација ќе мора да донесат одлука за трансформација. Понатаму, програма за трансформација и ќе вршат организационо преструктуирање. Јас не можам да разберам на какво организационо преструктуирање се мисли, тоа во законот не е допрецизирано. Пред да гласам за овој закон, го молам министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да го појасни тоа организационо преструктуирање кое се спомнува во член 7, последниот став. Некои претпријатија, комбинати и задруги, во својот состав имаа заокружени технолошки целини.: сточарски фарми, фабрики, винарски визби, оранжерии и друго. Со самото себе се поставува прашањето што со овие технолошки целини. Дали ќе останат и понатаму во склопот на претпријатијата, односно комбинатите и задругите, или задолжително ќе мора да се издвојат со посебна жиро сметка како акционерски друштва, или друштва со ограничена одговорност.

Понатаму, во овој закон нигде не се спомнува со присилно одземеното земјоделско земјиште, таканаречени утрини. Овие утрини им припаѓаа' на селата. А сега утрините, како и многу други селски домови, ги земаа комбинатите и задругите, што по мене, тоа мора да му се врати на селото односно на селаните и не може да биде предмет на приватизација.

Во член 5 од овој закон јасно е кажано што сега може да се приватизира. Меѓутоа, нигде не се спомнува каква ќе биде судбината на некои работни организации, кои самостојно работат и се на

самофинансирање, а не се во склоп на некој комбинат, задруга или пак друго претпријатие што е наведено во член 5 точка ѓ). Јас ќе укажам на еден пример, а такви во Република Македонија има повеќе. На пример работната организација "Институт за ориз во Кочани" е формирана како расадник уште во 1927 година. Значи постои повеќе од 69 години. Последните 20 години егзистира со самофинансирање. Регистрирана е во Окружниот стопански суд Штип како работна организација, а не по регистарот во Министерството за наука. Вработените само се финансирање од своја заработувачка, дел издвојувале за машини лабораториска опрема, згради и други помошни објекти. Јас сум убеден дека и таквите и слични работни организации треба да се трансформираат по овој закон и предлагам Владата да прифати еден ваков амандман Во прилог на овој закон, јас предложив во Комисијата два амандмана и сега имам доставено уште три амандмана кој мислам дека Министерството односно министерот ќе ги прифати.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, транзицијата што ги опфати сите стопански системи во источноевропските држави логично беше да се очекува и кај нас. Факт е дека досега во тој процес на трансформација потпаднаа скоро целокупниот наш стопански систем, а оправдано во една друга фаза се остави земјоделството како дел од стопанството на нашата држава. Беше кажано дека во оваа гранка ќе се трансформира овој систем со посебен закон, бидејќи сепак земјоделството претставува поспецифичен стопански субјект. Очигледно преку овој направен вакум земјоделските претпријатија и задруги беа ставени во една незавидна и неизвесна положба околу регулирањето на нивниот статус.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:** (продолжение)

Но, за подолгото исчекување на тн. посебен закон за приватизација има оправдување поготово по сето она што се случи кај нашите соседи каде доведе до големо ситнење на оформените блокови на земјоделското земјиште, а преку тоа и до увоз на земјоделски производи за прехранување на својот народ кои држави пред овој процес важеа за извозници на храна.

Исто така ќе спомнам дека со овој закон ќе бидат опфатени околу 300 земјоделски претпријатија и задруги со над 30 илјади домаќинства и што е најважно прашањето со обезбедувањето со храна за државата. Затоа јас го оправдувам овој подолг период на подготовка на посебен закон надевајќи се истовремено дека ништо нема да се изгуби напротив доста аналитички ќе бидат анализирани сите негативни состојби кај соседите и ќе биде донесен закон кој ќе одговара за нашата држава и за самите претпријатија кои стопанисуваат со земјоделско земјиште. Но, веднаш ќе кажам дека е добро што конечно го имаме овој закон, но сметам дека навистина ќе биде посебен а не на најважните членови да се повикува на донесените закони за трансформација на претпријатијата. Со овој закон и задругите претпријатијата и задругите кои подлежат на трансформација се ставени во една нерамноправна положба со оние кои се приватизираат со законот на Анте Марковиќ , а во никој случај не може да се каже дека се во мал број и мал процент приватизирани. За да сепак без поголеми потреси биде завршена трансформацијата на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште предлагам да се имаат во предвид некои основни параметри кои зборуваат за субјектите КОИЈ се предмет на трансформација, а да послужат при практичната примена на законот.

III/2.-

Земјоделските комбинати и задруги кои сега се актуелни со овој закон кај нас важат за земјоделски организации кои работат во специфични услови со едногодишен обрт на капиталот за разлика од другите стопански гранки. Во последните години соочени со неизвесен откуп на земјоделскиве производи, отежнатата наплата, застарените техничко - технолошки орудија за работа и ред други проблеми Во едни такви незавидни услови за стопанисување земјоделските комбинати и задруги се доведени во многу тешка состојба по нивното опстојување. Така денеска повеќето од нив се пред пропаѓање, а само дел од нив се уште релативно добро се носат со постојните проблеми. Има и такви примери на земјоделски комбинати кои важат за едни од поуспешните во државата за разлика од останатите стопански гранки. Но, не значи дека тие располагаат со свежи финансиски средства, тукууистите како големи домаќини со далекувидни гледања, а на сметка на личната заработувачка многу повеќе издвојувале за да набават земјоделска механизација која гарантира поголема стабилност и подолгорочно одржување на комбинатот. Сега што се случува? Определувајќи се за акционерско друштво или некоја слична форма каде претпријатието кое одвојувало средства на сметка на личните доходи за набавка на техничко - технолошки орудија сега спрема постојниот закон вработените треба уште еднаш да издвојат лични средства за да повторно ги наплатат претходно купените.

Исто така, мора да се има предвид при носењето на посебните одредби за регулирање односно користење на земјоделското земјиште, бидејќи формирањето на блоковите, рекултивирањето и ред други зафати во земјоделието, тие комбинати вложиле огромни финансиски средства и пак на сметка на своите лични доходи. Посебно треба да се обрне внимание на земјоделското земјиште кое е купено од страна на комбинатите и задругите со исти парични средства како што сега се

предмет на приватизација, земјоделската механизација, објектите и друго како истото понатаму ќе се регулира.

Почитувани пратеници, почитувани министри, по повод носењето на еден ваков значаен закон може многу да се зборува и притоа да се носат разно разни заклучоци. Но, сепак сметам дека појдовно треба да ни биде како истиот да се спроведе во пракса. Затоа е потребно доста рационално да ги користиме позитивните и негативните искуства од веќе направената трансформација во источно - европските земји кои пред нас го донесоа овој закон. Но, во повеќето од нив се наиде на големи проблеми во неговото спроведување, а само во мал број земји доста успешно се приведува кон крај. Така на пример ќе ви спомнам Унгарија каде процесот на приватизација започна уште од 1991 година, а се уште не е завршен потоа Русија, Полска, Чешка, Словачка, па лошиот пример со Бугарија, а како една од поуспешните држави во спроведувањето на оваа трансформација за мене претставува Бившата Источна Германија, а еве зошто. Државата доста подготвено влезе во реализација на приватизирањето на земјоделството што е најважно со давање на бенефиции за сите оние кои се опфатени со законот преку кредитна политика, одобрувајќи им поволни среднорочни и долгорочни кредити со минимална камата.

На крајот ќе заклучам дека примерите кои беа наведени за некои од споменатите држави укажуваат дека не постои еден единствен модел за приватизација во земјоделството туку секоја држава, па и нашата треба да си избере свој модел. Токму овој закон сметам дека ќе одговара за наши македонски услови, но за истиот до крај да биде реализиран ќе биде потребно да се поткрепи финансиски преку поволна кредитна инвестиција со одобрување на долгорочни и среднорочни кредити со поволни камати стапки за сите оние субјекти кои се предмет на приватизација. Истите за возврат треба да возвратат со квалитетно и

високо производство и конкурентни цени како побрзо би се вклучиле во единствениот европски економски пазар.

Во прилог на претходно изнесеното, а за пореално спроведување на законот од страна на комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесен е многу важен амандман кој се однесува на користењето на земјиштето со грејс период за наплата на закупнината од пет години, предлагам истиот да се прифати, бидејќи сепак треба да се знае дека претпријатието и задругите кои ја поседувале таа земја доста вложиле во нејзино рекултивираше, мелиорирање и оплодување. Мислам дека тука ќе наидеме на разбирање и со министерот.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? Г-динот Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Г-дин претседателе, дами и господа. Неспорно е дека треба да се донесе овој закон кој предлог е денеска на дневен ред, но мислам дека во истиот закон постојат доста работи недокажани во законот. Постојат одредби што треба да се приватизира и постојат што не треба да се приватизира од имотот. Мислам дека требаше да има одредби за утврдување на потеклото на имотот односно сопственоста на капиталот, чиј капитал е во земјоделските задруги кои имаат земјоделско земјиште како и во комбинатите. Морам да наведам неколку примери.

Во село Облешево се изгради љуштара за љушпење на ориз уште во 1959 година кога исклучиво граѓаните со нивни пари ја градеа и со доброволен прилог односно доброволна работна акција на граѓаните изградија, покрија и ја пуштија во погон, а за сметка на задругите. Денеска таа фабрика се наоѓа во комбинатот "Кочанско поле". Се

прашувам чија сопственост е имовината. Книгите кои постоеле тогаш сега не постојат. Доказите се тргнати и тешко можат да се утврдат, но оние кои граделе, знаат.

Ист е случајот со таква љуштара во Чешиново, ист е случајот во Виница во Блатец. тој имот што е на граѓаните, на задругарите, на задругата се пренесе на некој начин во сопственост на земјоделските комбинати. Има и други работи како што се патишта, водоводи, канализации, разорување на нови ниви, одводнување наводнување, купување на површини на земја. Воловите кои беа ѕевгари кои беа внесени во задругите се претворија во трактори, тракторите се продадоа и се претворија во понови трактори и механизација, тука се претвори еден имот на задругата.

Денеска таму каде имаме задруга имаме една активност на граѓаните каде можат да добијат услуги орање, работење, и каде што можат да ги пласираат своите производи, а и да обезбедат насади, расади итн. Меѓутоа, таму каде немаме задруга немаме никаква активност и треба да се размисли околу тоа имотот да остане оној имот кој е на задругарите и на граѓаните на нив да се расчисти додека имотот кој е создаден како државен, општествен имот, тој имот да биде исклучиво за приватизација.

Кога сум веќе тука мислам дека е потребно со целиот имот да се бара решение. Тука спаѓа оранжериското производство, инстит тите, домовите кои ги граделе граѓаните односно земјоделските зад- руги, што станува со тој имот? Ако остане вака како што беше денеска се распаѓаше, како што се распаѓа голем број на школи, амбуланти и други објекти и домовите ќе почнат да се распаѓаат. Затоа предлагам добро да се размисли и да се направи план и програма и веднаш целиот тој имот колку е можно повеќе да се приватизира, а другиот имот на државата, на

институтите, на јавните претпријатија и по брза постапка да се расчисти да не се должи повеќе време и повеќе години заради тоа што ќе го однемаме тој имот, ќе се уништи и тоа што некогаш се стварало денеска ќе го немаме.

Го поддржувам законот, треба ваков  закон, но треба да се расчисти со имотот на граѓаните а е внесен во задругата односно во стопанството и да се распредели кој е имот на задругата а кој општествен имот и како таков да се трансформира, а притоа и земјиштето чие е да не остане утре неизорано, не обработено, каде треба да оти- де земјиштето да се работи да не направиме исто како што направија Бугарите земјиштето неколку години остана неизорано па увезуваа пченица, а беа извозници на пченица.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Денеска го гледаме законот за трансформација на претпријатијата и задругите с,о општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште и се наметнува едно природно прашање дали ова првиот проект пилот за приватизација на земјоделското т.е. аграрот. Мислам дека оваа материја е сложена и ќе оди тешко, да не навлегувам во поголема материјална расправа, бидејќи беше кажано дека има над 200 задруги, дека 30 илјади луѓе живеат од аграрот моментално вегетираат, дека состојбата е лоша, но се наметнува едно прашање бидејќи во членот 5 трансформацијата според овој закон не се врши на и тука таксативно се набројани земјоделското земјиште и недвижностите, објектите и другите средства за стопанисување на задругите,

водостопанските објекти, институтите и друго. Едно прашање кое станува отворено, а тоа се утрините. Не знам дали овој закон ќе ги третира утрините, имаме голема реакција на луѓето кои живеат на село, бидејќи утрините останаа недефинирани, дел од комбинатите ги узурпираа, ги изораа така што дел од населението кое живее на село како селско земјиште тоа се утрините остануваат недефинирани

Една работа која во членот 7 се коси со членот 10 тоа е организационото преструктуирање за кое согласност дава Министерството за земјоделие. Не знам дали оваа согласност не се коси со членот 10, каде по методологијата на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал усогласена со одредбите од овој закон. Мислам дека ова не е доречено и треба да се каже зошто министерството треба да даде согласност. Ако зборуваме дека е ова во согласност со законот за трансформација на општествен капитал мислам дека  нема што да дава Министерството согласност, биде јќи тоа би требало да оди по една аналогија. Во секој случај треба да се под- држи овој закон, му давам поддршка и ќе биде многу тешко практично да се оживотвори законот.

**ТИТО ПЕТК0ВСКИ:**

Дали друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандмани на член 3 и член 18 став 2 за додавање нова алинеја 4.

Пратеникот Илија Каров поднесе амандмани за менување на член 7 за додавање нов член 7-а и на член 15 по кои Владата не се произнела.

III/8.-

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

Владата не ја прифаќа измената затоа што е во блиска врска со членот 11 така што ова не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3, поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостоапснтво.

Отворам претрес по амандманот за менување на членот 7, поднесен од пратениот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-динот Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Очигледно нашиот. почитуван министер решил сите амандмани да не ги прифати така по некој механизам иако беше трагедија вчера кога Комисијата за земјоделско расправаше неколку часа по овој закон

г-динот министер ниту неговиот заменик не најдоа за сходно да бидат присутни на расправата што сметам дека беше голем недостаток и се водеа суштински расправи член по член.

Прво, членот 3 помина така како што помина и морам да кажа дека и овој член 7 кој е многу нејасен, сите го имате пред вас, и навистина на едно место во еден член се натрупани неколку работи.

Прво, морам да кажам дека таксативно како што се набројани овие технолошки целини, сточарски фарми, фабрика, винарска визба , рибник, оранжерии, институти, лаборатории, семенски станици, опитни центри и слично стои запирка или се организирани во сложена форма при донесувањето на одлука за трансформација и програма за начинот на остварувањето на трансформацијата вршат и организационо преструктуирање на кое преструктуирање согласност дава Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Мислам дека далеку по прегледно би било, поупадно за допрецизирање и дообјаснување на субјектите кои утре овој амандман треба да го преточат членот 7 во пракса би било упатно да се појасни во еден став што со овие целини, во другиот став која е обврската на субјектот што треба да ја изврши односно да донесе одлука да изготви програма за начинот на трансформацијата и понатаму и законодавецот и Владата би требало да укажат и да појаснат што со оваа организационо преструктуирање. Навистина овој амандман на член 7 што се дава како појаснување мислам дека јас но укажува на субјектот што треба да направи бидејќи навистина секој став, секој збор од овие членови потоа ќе внесат голема забуна и барам поддршка, бидејќи сите субјекти задруги или комбинати кога би прифатиле вака нејасен член би имале големи тешкотии потоа во преточување на овие членови во пошироката пракса. Оттаму сметам дека е основен ред да го прифатиме овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 7, поднесен од пратеникот Илија Каров.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7-а, поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, господин Параќеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Господин Илија Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Најлесно му е на почитуваниот министер да се изјасни дека амандманот не го прифаќа. Меѓутоа, субјектите односно оние што треба допрва да го спроведат овој закон навистина мака ќе мачат како да ги разјаснат и решат проблемите пред нив што постојат, пред малку и господинот Паунов дискутираше на таа тема, во тие задруги, во тие комбинати, во тие претпријатија постојат навистина голем број технолошки целини, неколку пати ги спомнавме, фабрики за ориз и одредена друга технолошка целина или оранжерија и тн.

Навистина голем товар и за кратко време би било што се бара од овие субјекти да извршат трансформација, во исто време да донесат одлука, да донесат програма за начинот на трансформација и во исто време само со еден збор е кажано дека тој треба да донесе, да изврши во од и организационо преструктуирање. Меѓутоа, ако нешто му се нуди и се бара во член 7, само со еден збор, упатно би било да следува друг член после член 7 кој што ќе го дообјасни ова организационо преструктуирање за да субјектот би можел навистина навреме да се

припреми и да ги направи сите подготовки за тој краток период што се бара да изврши организационо преструктуирање. А, вака само се замаглува суштииата или пак на друг начин кажано, сакаме да ја прекриеме вистината што се ги очекува субјектите што треба да извршат трансформација на претпријатијата.

Јас барам поддршка за овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (14 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 7-а поднесен од пратеникот Илија Каров.

Отворам претрес по амандманот на член 15 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, господин Параќеов.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

И овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитувани пратеници, навистина ми е жал за сето ова што се случува, но што е тоа е. Во член 13 се укажува начинот и постапката за трансформација на малите претпријатија каде што стои дека тие може да се трансформираат само со откуп на претпријатието, продажба на еден идеален дел на претпријатието односно на земјоделската задруга и продажба на удел. Понатаму претпријатијата на средните претпријатија е кажана во член 14 како треба да се изврши.

IV/3

Во член 15 стои дека големото претпријатие односно земјоделска задруга се трансформираат според начините и постапката кои согласно овој закон се применуваат за трансформација на мало и средно претпријатие односно земјоделска задруга. Не можам да сфатам како може да дојде до трансформација на големите претпријатија под исти услови како што е тоа наведено во член 13 и за малите претпријатија.

Јас и на Комисијата инсистирав во член 13 да стои став 4, да стои, откуп со дополнителен капитал, откуп на акции со дополнителен капитал. Меѓутоа, со убедување на повереникот на Владата дека сепак овде може да се најде компромис дека и логично е дека големите претпријатија да се трансформираат на начин и постапка како и средните претпријатија а не како малите претпријатија. Јас мислам дека е многу упатно и многу логично ако дадеме поддршка на овој член големите претпријатија да се трансформираат на начин и постапка како и средните, а не како и малите претпријатија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (15 пратеници гласаа за) .

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 2, за додавање нова алинеја 4 поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата Го молам претставникот на Владата да се произнесе, господин Параќеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште.

Предлагам овде да прекинеме со работа. Продолжението го закажувам за среда 17 април во 10,00 часот,

Честитки по повод Велигденските празници до сите верници,

(Седницата прекина со работа во 17,20 часот).